<table>
<tr><td colspan="4">ЗАПИСНИК<br>(Конгрес на Политичка партија ТВОЈА Партија бр.1/24)</td></tr>
<tr><td></td><td>Датум:<br>13.10.2024<br>(Недела)</td><td>Време на состанокот:<br>12:00</td><td>Место:<br>Сала за состаноци - Попова Кула – Демир Капија</td></tr>
<tr><td>СОСТАНОК</td><td colspan="3">Конгрес на Политичка партија ТВОЈА Партија</td></tr>
<tr><td>ПРИСУТНИ</td><td colspan="3">На Конгресот партијата ТВОЈА Партија, одржана на ден 13.10.2024 (Недела), согласно листата на присутни, присуствуваа вкупно 22 лица.<br><br>Конгресот се одржа во хибридна форма и тоа:<br><br>Физичко присуство – членови со право на глас:<br>1. Александар Тортевски<br>2. Ристо Ставров<br>3. Круме Пашоски<br>4. Маја Дамевска<br>5. Виолета Димитровска<br>6. Татјана Олумчева<br>7. Димитар Стојаноски<br>8. Ивица Геговки<br>9. Владимир Куновски<br>10. Владо Стојанов<br>11. Марко Дамевски<br>12. Дарко Чекаловски<br>13. Душанка Радевска<br><br>Физичко присуство – останати гости без право на глас:<br>1. Тања Дејаноска<br>2. Гога Поп-Георгиевски<br>3. Иван Ставров<br><br>Онлајн присуство – членови со право на глас:<br>1. Самоил Стојановски<br>2. Иво Антов<br>3. Јоцо Николов<br><br>Онлајн присуство – останати гости без право на глас:<br>1. Благојче Петрески<br>2. Маја Панова<br>3. Сашка Аврамовска</td></tr>
<tr><td>ДНЕВЕН РЕД</td><td colspan="3">Претседавачот на политичката партија ТВОЈА Партија, г-дин Александар Тортевски се обрати пред Конгресот со воведен дел,</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | поздрав до гостите и изразување благодарност за нивното присуство. Благодарност упати и до сите одговорни за активностите спроведени за време на Претседателските и Парламантарни избори 2024. Во продолжение информираше за бројот на присутни членови на Конгресот, вкупно 15 со што беше утврдено дека има кворум за работа и го отвори Конгресот со следниот предлог:<br><br>**<u>Дневен ред</u>**<br><br>1. Извештај за досегашното работење партијата;<br>2. Финансиски извештај;<br>3. Дискусија по првите две точки;<br>4. Предлог за статутарни измени и нова организација на партијата;<br>5. Избор членови во органите на паријата;<br>6. Стратегија за идното делување со акцент на локалните избори 2025<br><br>Г-дин Александар Тортевски, пред сите присутни го претстави г-дин Владо Стојанов како председавач на Конгресот. Исто така предложи и побара одобрување/согласност од присутните да за Конгресот постои аудио запис како подоцна би се прецизирале исказите во записникот. Присутните едногласно изразија согласност.<br><br>Г-дин Владо Стојанов го прочита Дневниот ред и за истиот побара од присутните предлог за евентуално негово проширување.<br><br>**<u>Прво обраќање има Гога Поп-Георгиевски, поранешен член на партија</u>**:<br>- Кратко претставување пред присутните: кандидат за градоначалник за општина Центар, член на ТВОЈА партија од нејзините почетоци<br>- Истакнува дека не бил поканет на состанокот од незнае кои причини (не е член на партијата – не обновено членство)<br>- Истакнува дека сите органи на партијата се со истечен мандат од 2022 година, па според него конгресот е нелегитимен.<br>- Изразува недоверба во веродостојноста и несогласаност со финансискиот извештај 2024 за ТВОЈА партија и согласно наведеното се чувствува изманипулирано соглсно следното:<br>  1. Штаб имало а не се знаело за тоа (се плаќало кирија)<br>  2. Било кажувано од стана на органите на на партијата дека немало вработени и хонорарци, а подоцна испаднало дека постои плеада од нив<br>  3. Бара легитимност на конгресот поради истеченоста на мандатите на сите органи на партијата<br>  4. Според него дневниот ред во целост е спорен<br>**<u>Реплицира Александар Тортевски</u>**:<br>- Жали што не е поканет, но потенцира дека не е член<br>- Нагласува дека ретко кој ужива демократското право како понуденото од ТВОЈА партија, да присуствува на Конгрес на партија без притоа да е нејзин член |

| | |
|---|---|
| | - Сето останато е содржано и објаснето во извештајот од тековното работење.<br>- Нагласува дека не им е одземено правото за присуство иако не се членови.<br><br>Дебата се отвара за начинот на делување до 2022 година, во која учествуваат Тања Дејановска, Тортевски Александар, Марко Дамевски. Се дискутира за причините зошто поранешните активисти и членови не се известени за финансиските приливи по основ тековно работење на партија. Претседателот на партија истакнува дека за тоа е должен да ги извести само органите на партијата (иако е истечен мандатот) и евентуално ченовите на партијата, но не осеќа одговорност да ги известува и приврзаниците на партијата.<br><br>**<u>Обраќање на Владо Куновски</u>**:<br>- Член во партијата од нејзина пререгистрација како и дел од изборната листа на партијата ИЕ1 за време на парламентарните избори 2024<br>- На основ негово толкување на статутот се повикува на одредени членови по кои според него Конгресот е нелитимен<br>- Бара архива на членство на партијата (за што добива одговор дека таква архива постои)<br>- Истакнува дека нема кој да свика Конгрес бидејки мандатот на органите е истечен<br>- Дава предлог да се оформи работна група која ќе работи најмалку месец дена и ќе биде составена од 2,3 или 5 члена, со цел утврдување правила и процедури се према статутот на партијата, а врз основа на кои ќе се истакне легимитет на функционирање на партијата и ќе се организира легитимен Конгрес.<br><br>**<u>Реплика – Александар Тортевски</u>**:<br>- Партијата по закон мора да има седиште (адреса) каде ќе се прима пошта и сл.<br>- Партијата има своја целосна и детална архива на основачи и членови<br>- Согласно истечениот мандат на органите, Претседавачот свикува Конгрес на кој ќе се изберат нови органи и делегати на тие органи како би се продолжил легитимитетот на функционирањето на партијата<br>- Нагласува дека доколку постои верување или лично убедување кај некој од присутните членови, дека постаката и досегашното работење се коси со статутарните определби и е против законито, слободно да преземат чекори во согласност со законските регулативи и го истакнат своето незадоволство.<br><br>**<u>Обраќање на Димитар Стојаноски</u>**:<br>- Истакнува дека актуелниот Претседавач вложува максимален напор и по втор пат се обидува да свика Конгрес на кој ќе се |

| | | |
|---|---|---|
| | | поставаат темелите за натамошното работење.<br>- Актуелниот Претседавач дозволил целосен пристап на членовите до финансиските извештаи од досегашното работење (финансиски извештаи, приливи, одливи, одлуки за исплати на тековни обврски, исплати од оперативен карактер, плаќања по основ на договори за извршени услуги, хонорари и сл.), претставувајќи ја активноста на партијата во целосна транспарентност пред своите стеикхолдери, што е од фундаментално значење за партијата.<br>- Нагласува дека мора да се одржи конгрес со цел да врати партијата во функционална позиција и дека секое временско оддолжување не вродува позитивен плод .<br>- Согласно неговиот став конгресот е потребно да се оддржи.<br><br>**Повторна дебата околу начиниот на работење на партијата во последните година дена, од моментот на првата транша финансиски прилив**.<br><br>Се говори за недомакинско однесување и стопанисување со средствата.<br>Во дебатата партиципираат Александар Тортевски, Гога Поп-Георгиевски, Тања Дејановска, Димитар Стојановски и Владимир Куновски.<br><br>- Претседавачот дава отчет за начинот на трошење на средствата согласно тековните потреби кои произлегуваат од активностите на партијата се према претставените ставки во финансискиот извештај.<br>- Говори и за минати долгови кои партијата не била во можност да ги подмири во времето кога нерасполага со финансиски средства, долгови направени према надворешни ентитети за извршени услуги по основ на политички кампањи, како и за трошоци за тековно работење (постоење) на партијата, од опрeративен карактер.<br>- Говори и за трошоците направе за време на последните парламентарни избори 2024 како и за пропустите поради притисокот настанат како одговор на недоволна ангажираност на актвисти кои во последен момент се повлекуваат.<br><br>**Владимир Куновски**:<br>- Повторен предлог за креирање на работна група составена од најмалку 5 члена основачи избрани од присутните. Таа работна група во период од најмалце месец дена ќе даде извештај и ќе предложи датум за конгрес а се према правила и процедури врз основа на статутот на партијата.<br><br>**Претседавачот на Конгресот г-дин Владо Стојанов ги става на гласање предлозите:**<br><br>**Предлог 1** |

| | |
|---|---|
| | - **<u>ФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНА ГРУПА ОД 5 ЛУЃЕ КОЈА ВО ПЕРИОД ОД ЕДЕН МЕСЕЦ СОГЛАСНО СТАТУТОТ НА ПАРТИЈАТА ЌЕ ИЗГОТВИ СЛЕДЕН КОНГРЕС.</u>**<br><br>**<u>Предлог 2</u>**<br>- **<u>ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА КАКО КОНГРЕС СО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД</u>**<br><br>*Претседавачот на патијата г-дин Александар Тортевски истакнува согласност да се стават предлогите на гласање и доколку првиот се изгласа ќе се продолжи по предлогот, а доколку не се изгласа седницата преодолжува како Конгрес со наведениот Дневен Ред – втор предлог.*<br><br>Се јавува за говор член на партијата Самоил Стојановски, како хибриден излагач (онлајн):<br>- Предлог:<br>Конгресот да се одржи до крај со избор на ново раководство и органи.<br><br>Гласање за предлог 1:<br>Вкупно гласови ЗА: - 1 (еден)<br>Вкупно гласови ПРОТИВ: - 9 (девет)<br><br>Гласање за предлог 2:<br>Вкупно гласови ЗА: - 9 (девет)<br>Вкупно гласови ПРОТИВ: - 1 (еден)<br><br>**<u>ИЗГЛАСАН Е ПРЕДЛОГ 2 – *„ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА КАКО КОНГРЕС СО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД“*</u>**<br><br>*Претседавачот на Конгресот Владо Стојанов по завршеток на гласањето постапува по предложениот Дневен ред.*<br><br>**Точка 1**<br>**<u>Извештај за досегашното работење партијата</u>**<br><br>Претседавачот на Конгресот г-дин Владо Стојанов дава збор на Претседавачот на партијата г-дин Александар Тортевски<br><br>**<u>Александар Тортевски</u>**:<br>- По основ досегашно работење истакна лично незадоволство од постигнатите резултати. Посочи на спласнатиот ентузијазам кај дел од поранешното членство што го гледа и како причина за необновување на членувањето, посочи недостатоци од организациски карактер на кои е потребно поинтензивно и проактивно да се работи на нивно подобрување и елиминирање на недостатоците, зајакнување на идеолошката компонента на партиskiот стремеж во насока подобрување на стандардот на Македонскиот народ и сл. |

| | |
|---|---|
| | - Од организациски карактер посочи потреба од најмалку еден административец со скратено работно време, кој ќе биде од редовите на партиското членство бидејки понатамошен ангаржман на надворешни лица повеќе не треба да постои. Нагласува дека партијата сега има средства наменети за тековна оператива и работење.<br>- Наведува дека финансискиот извештај е своевремено и навремено ставен на располагање и на увид пред сите заинтересирани членови/основачи согласно политиката на транспарентност на партијата.<br>- Како најголем проблем за причините за неповолниот резултат го наведува идеализмот дека може да се направи нешто и покрај правилата и условите кои ги диктираат големите партии.<br>- Средствата кои се добиваат за тековно функционирање се минималистички во однос на средствата кои ги добиваат големите партии. Понатаму средствата кои се добиваат за политичките кампањи се маргинални како по износ така и по нивна намена.<br>- Недосптапност до јавни медиуми поради неинтерес на медиумите да се замараат со премногу ниски наменски буџети и сл. што генерира медиумски мрак за малите партии.<br>- Исто така недозволено е ниту со сопствени средства (донации и сл.) да се спонзорира политичка кампања.<br>- Истакна дека е длабоку убеден дека СДС изврши притисок поради нивна несогласност со личните ставови на Александар Тортевски за локалните избори каде А.Т. чесно ја застапува политиката и ставовите на ТВОЈА Партија, а тоа е една од позначајните причина зошто Петре Шилегов ги губи изборите од Данела. Истакна дека ТВОЈА партија и лично тој, Данела не ја поддржал во ниеден момент туку усклучиво ги застапувал интересите и ставовите на ТВОЈА Партија. Тоа го гледа како причина за законски имени кои се донесени во насока да политички дебати повеќе не се задолжителни, а како одговор на тоа и интересот за покани на јавни медиумски настапи, дебати е опаднат и е една од главните причини зошто малите парти неможат да стигнат до гласот на народот.<br>- Истакна дека исто така непрофесионалниот однос и ненавремено евидентирање и известување на ангажираната маркетинг компанија задолжена за дигитална политичка кампања на партија е резултат за минималниот резултат на последните парламентарни избори.<br>- Со тоа беше претставен извештајот за досегашното работење, за што беше поставено прашање до присутната публика дали има дополнителни прашања или евентуална дополна/дообјаснување на претставеното.<br><br>*Претседавачот на Конгресот Владо Стојанов по резимиран извештај за десегашно работење ја заклучува точка 1.* |

## Точка 2

**<u>Финансиски извештај</u>**

Претседавачот на конгресот г-дин Владо Стојанов предлага и ја става на ред точка 2 од Дневниот ред, со што дава збор на Претседавачот на партијата Александар Тортевски

**<u>Александар Тортевски</u>**:

- Точка 2 ја отвара со потврдување дека детален финансиски извештај е навремено и уредно претставен пред сите членови/основачи на увид и негово разгледување.
- Нагласува дека сите ставки во извештајот се према минатите и тековните банкарски и книговодствени извештаи како и одлуки за нивно постапување.
- Истакна дека доколку некој смета дека постои било каква неправилност во работењето, може слободно да поднесе преставка или да преземе било какво правно дејствие против истото.

*Претседавачот на Конгресот Владо Стојанов по завршеток на дискусијата по точка 2 истата ја затвара.*

## Точка 3

**<u>Дискусија по првите две точки</u>**

Се отвара дебата за начинот на користење на средствата во која дебата се вклучува Гога Поп-Георгиевски, Тања Дејановска, Димитар Стојаноски и Александар Тортевски.

Дебатата ја започнува поранешен член Гога Поп-Георгиевски кој од лични причини гледа лично незадоволство и бара одговорност за невоспоставен систем за Damage Control согласно работењето и лошите резултати од парламентарните избори.

Претседавачот на партијата Александар Тортевски, нагласува дека извештајот е целосно транспарентен за целокупната финансиска конструкција и доколку некој смета дека постојат неправилности, за истите можат слободно да преземат мерки.

- *Исто така нагласува дека неможе да бара одговорност некој кој воопшто не се вложил во активностите на последните парламентарни избори, а едновремено истакнал иако бил повикан и поканет да учествува и придонесе истакнал дека не е во можност и несака ниту да придонесе ниту да учествува во придонес кон процесот на пререгистрација на партијата ниту во активностите во парламентарните избори 2024.*

- Повторно нагласува и истакнува голема благодарност за минатиот и актуелниот труд на сите кои имале и имаат

| | |
|---|---|
| | придонес во работењето на партијата до сега и дека е отворен за соработка доколку повторно се активираат како членови, активисти и борци во рамките на ТВОЈА Партија.<br><br>*Претседавачот на партијата Александар Тортевски побара кратка пауза од еден час.*<br><br>*Присутните се согласни и Претседавачот на Конгресот Владо Стојанов најавува пауза.*<br><br>**<u>По паузата збор зема Владо Куновски, член/основач на ТВОЈА Партија</u>**:<br>- Повторно отвара дебата за начинот на трошење на средствата иако ненаведува каде се конкретните неправилности. Бара одговорност за економската слика но никако не наведува каде се конкретно направени пропустите или неправилностите. Бара финансиски извештај иако истиот е јавно достапен за сите членови.<br><br>Во дебатата се вклучува Александар Тортевски, Виолета Димитровска, Димитар Стојаноски кои образложуваат дека се е детално претставено во извештајот и наведуваат дека Маја Панова истиот го има истакнато во Viber групата каде се сите членови. Исто така наведуваат дека редовно е секогаш објавувана секоја завршна сметка на партија на сајтот на партијата.<br><br>*Претседавачот на Конгресот г-дин Владо Стојанов, истакнува дека докулку било кој смета дека постојат неправилност лицето кое смета дека се истите издржани, да преземе мерки и дека секој оној кој подлегнал на неправилностите, доколку постојат, согласно истите ќе си сноси одговорност.*<br><br>По ова дебата, седницата ја напуштаат Владо Куновски, член/основач на ТВОЈА Партија и Тања Дејановска, поранешен член на ТВОЈА Партија со поздрав до сите присутни.<br><br>Претседавачот на Конгресот Владо Стојанов се обраќа до присутните ченови да истакнат забелешки, доколку постојат по основ претставувањето на Точка 1 и Точка 2 од Дневниот Ред.<br><br>Бидејки примедба и/или забелешка не е истакната од страна на присутните членови на Конгресот, Претседавачот на Конгресот бара од присутните исказ дали Извештајот за досегашното работење и Финансискиот извештај се прифаќаат и одобруваат.<br><br>*<u>Извештајот за досегашното работење и Финансискиот извештај едногласно се прифатени и одобрени од страна на присутните.</u>*<br>*Претседавачот на Конгресот Владо Стојанов по завршеток на дискусијата по точка 3, истата ја затвара.* |

| | |
|---|---|
| | Претседавачот на Конгресот г-дин Владо Стојанов дава предлог точка 4 и точка 5 од Дневниот ред да се спојат во едно.<br><br>Едногласна е согласноста на предлогот на претседавачот на Конгресот.<br><br>**Точка 4/5**<br>**Предлог за статутарни измени и нова организација на партијата, Избор членови во органите на паријата**<br>**Збор зема Димитар Стојаноски:**<br>- Истакнува предлог промени разработени од страна на Димитар Стојаноски и Марко Салџиевски:<br>1. Предложени измени во член 12 од статутот на партијата:<br>• Координативен одбор да се преименува во Извршен одбор ИО (да нема координативен одбор)<br>• ИО да биде составен од 4 члена:<br>➢ Претседател<br>➢ Заменик претседател<br>➢ Извршен секретар<br>➢ Технички секретар<br>2. Предложени измени во член 13 од статутот на партијата:<br>• Да се зголеми бројот на работни тела во партијата согласно ресорите и тоа:<br>➢ Оддел за надворешни работи<br>➢ Оддел за внатрешни работи<br>➢ Оддел за правда и полиција<br>➢ Оддел за одбрана<br>➢ Оддел за граѓанска заштита и спорт<br>➢ Оддел за финансии<br>➢ Оддел за економски работи, образование и истражување<br>➢ Оддел за транспорт, енергетика, комуникации<br>➢ Оддел за земјоделие, храна и човекова околина<br>➢ Оддел за урбанизам и градежништво<br>3. Измени во член 18 од статутот на партијата во однос на изборен кворум<br><br>**Претседавачот на партијата Александар Тортевски дополнува прелог промени:**<br><br>- Промена на конгресна процедура според следното:<br>• Објава на сајт за конгресно собрание<br>• Кворум се утврдува само од присутните<br><br>Се отвара дискусија согласно предложените измени во која дискусија се вклучуваат сите присутни членови/основачи.<br><br>Се доаѓа до едногласна согласност измените во работните тела да се направат на наредно собрание.<br><br>Членовите предлагаат Александар Тортевски да остане Претседавач на Паријата.<br><br>**Александар Тортевски** предлага Димитар Стојановски да биде заменик претседател кој после првата година по заедничко претседавање и негова афирмација, ќе ја превземе во целост |

| | |
|---|---|
| | функцијата претседател после локалните избори, без потреба од свикување вонреден конгрес.<br>- Исто така нагласува дека е потребно интензивирање на вклучување на подмладокот во предводењето на партијата<br>- Исто така предлага да постојат 1 (еден) копретседател и 1 (еден) заменик копретседател, до следниот конгрес, по 2 (две) години.<br>- Од присутните побара Џенталментски договор да повлече од функцијата Претседавач на партијата по една година од денес (ноември 2025), а останува на позицијата член/основач на партијата.<br>- Координативниот одбор заедно со претседателството најдоцна до нова година 2025 да изготват изборна стратегија за претстојните локани избори со комплетни извештаи.<br>- Да утврдат како, каде и со кого ќе се оди на локалните избори за да се започне со активностите на терен, афирмација и аквизиција на подржувачи<br>- Да може да се превзема и маркетиншко промотивни активности во период и пред започнување на кампања, проактивен пристап.<br><br>Дискусијата продолжува со полемизирање на предлози и идеи согласно избор, реорганизација на органите и извршни тела.<br><br>***Заклучоци***<br><br>Претседавачот г-дин Владо Стојанов става на гласање усвоени предлози:<br><br>❖ **Предлог 1 – Избор на Претседател, Копретседател и заменик копретседател**:<br>- Претседател Александар Тортевски<br>- Копретседател Димитар Стојановски<br>- Заменик Копретседател Марко Салџиев<br><br>**Гласање за предлог 1:**<br>**Едногласно сите ЗА**<br><br>❖ **Предлог 2 – Промени во статутот, измени и дополнувања**:<br>- копретседателство од 2 члена:<br>• копретседател<br>• заменик копретседател<br>- укинување на Координативен одбор<br>- воведување и избор на Контролен одбор од 5 члена<br><br>**Гласање за предлог 2:**<br>**Едногласно сите ЗА**<br><br>❖ **Предлог 3 – Избор на 5 членови на Контролен Одбор (КО):**<br>- Виолета Димитровска<br>- Татјана Олумчева<br>- Ристо Ставров<br>- Самоил Стојановски<br>- Иво Антов |

**Гласање за предлог 3:**
**Едногласно сите ЗА**

- **Предлог 4 – Избор на технички секретар:**
  - Ивица Геговки

**Гласање за предлог 4:**
**Едногласно сите ЗА**

- **Предлог 5 – Избор на верификациона комисија:**
  - Марко Дамевски
  - Ивица Геговки

**Гласање за предлог 4:**
**Едногласно сите ЗА**

*Претседавачот на Конгресот Владо Стојанов по заклучокот и гласањето ги затвара точка 4 и точка 5.*

## Точка 6

**Стратегија за идното делување со акцент на локалните избори 2025**

Претседавачот на Конгресот Владо Стојанов дава збор на Претседателот на партијата Александар Тортевски.

Александар Тортевски:
- Даде предлог за привлекување на нови млади луѓе и побара да се разработи предлог стратегија за истото.
- Даде предлог за евентуална понуда на позиција Потпарол на партија на лице компетентно за таа позиција.
- Истакнува дека е потребно интензивирање на вклучување на подмладокот во предводењето на партијата
- Исто така предлага да постојат 2 (двајца) копретседатели до следниот конгрес, по 2 (две) години.
- Од присутните побара Џенталментски договор да повлече од функцијата Претседавач на партијата по една година од денес, а останува на позицијата член/основач на партијата.
- Координативниот одбор заедно со претседателството најдоцна до нова година 2025 да изготват изборна стратегија за претстојните локани избори со комплетни извештаи.
- Да утврдат како, каде и со кого ќе се оди на локалните избори за да се започне со активностите на терен, афирмација и аквизиција на подржувачи.
- Да може да се превзема и маркетиншко промотивни активности во период и пред започнување на кампања, проактивен пристап.

Кон предлозите позитивни ставови истакнаа присутните членови/основачи.

*Подадените предлози за идно стратешко работење и поставување на идни развојни правци Претседавачот на Конгресот за затвори точка 6.*

| | |
|---|---|
| | Претседателот на партијата Александар Тортевски се заблагодари на довербата добиена од членството и изрази искрена надеж за значотелни резултати согласно конструктивните измени направени на Конгресното Собрание како збогатеното и подмладено раководство кое влева голена надеж за успешно политичко позиционирање.<br>Уште еднаш се заблагодари на издвоеното време за присуството на членовите/основачи на ова Конгресно Собрание.<br><br>Претседавачот на Конгресот Владо Стојанов по заклучоците за идно работење и завршниот збор на Претседателот на партијата го затвори конгресот. |
| | **ЗАВРШЕН КОНГРЕС НА ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ТВОЈА ПАРТИЈА 13.10.2024 ГОДИНА** |
| | Попова Кула – Демиркапија, РС Македонија |

Верификациона Комисија:

1. Марко Дамевски

____________________________
своречен потпис

2. Ивица Геговки

____________________________
своречен потпис